| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | „Моето семејство- мое  богатство“ |
| **Содржина На денот** | „Јас и моето семејство“ |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Благица Чаневска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики:** | Разговор и практично покажување низ песна и игра, како правилно да ги миеме рацете во домот.<br>„Рачиња си мијам, со сапунче ги тријам,<br>Тра ла ла, тра лала со сапунче ги тријам“(слика 1) |
| **Активности:** | -Разговор за семејството, разгледување на семејни фотографии...(слика 2, 3).<br>Разгледувајте албум со семејни фотографии.Штом детето ќе Ви се приближи, посочете му некоја фотографија и побарајте од него да именува кој е на фотографијата поставувајќи му го прашањето:Кого гледаш на оваа слика?Потоа покажете му фотографија од него и побарајте да го каже своето име.Опишувајте ги фотографиите со кратки и целосни реченици (пр:мама игра, Тео се бања, дедо седи итн).<br>Фатете го Вашето дете за раце и правете движења кои детето може да ги изведе, скокајте, клекнувајте, шутирајте топка(слика 4).<br>Нацртајте ги дланките на Вашето семејство, понудете му на детето да ги обои, а потоа сите заедно залепете ги на хамер.<br>Во склоп на оваа активност можете на Вашето дете да му кажете и стихотворба, повторувајќи ја повеќе пати (слика 5). |

Моето  семејство

Тато е сонце,
мама е злато,
јас сум цвеќе
на мама и тато.

Дедо е другар,
ме чува, ме гали.
Баба ме сака
без никаква мака.

Стихови:Емилија Стојкова